# Извештај за транспарентност 2013

**ГРАНТ ТОРНТОН ДОО, Скопје**

# Содржина


| | |
|---|---|
| Вовед | 2 |
| Правна структура и сопственост | 3 |
| *Grant Thornton International* | 4 |
| Управување и раководење со Друштвото | 5 |
| Контрола на квалитетот | 6 |
| Надворешна проверка | 9 |
| Независност | 10 |
| Континуирана професионална едукација | 12 |
| Финансиски информации | 14 |
| Субјекти кај кои е извршена ревизија во текот на 2013 година | 15 |
| Утврдување на хонорарот на овластениот ревизор | 16 |
| Нашите канцеларии | 17 |


© 2014 Grant Thornton.  All rights reserved.

# Вовед

***Извештајот за Транспарентност за 2013 година е јавен извештај за нашата посветеност кон обезбедување високо квалитетни ревизорски услуги на деловните субјекти во Република Македонија и пошироко.***

Како дел од нашиот континуиран фокус врз транспарентноста, овој Извештај е креиран со цел да им помогне на нашите корисници (клиентите, ревизорските комитети, регулатори и јавноста воопшто) да стекнат разбирање за организацијата и работењето на нашата Фирма. Корисниците со право очекуваат од нас да имаме човечки ресурси, процеси и технологија која резултира во активности кои се од јавен интерес, вклучувајќи обезбедување виско квалитетни ревизорски услуги во Република Македонија.

***Извештајот за Транспарентност за 2013 година е подготвен во согласност со член 35 од Законот за ревизија (Сл. Весник на РМ бр. 158/2010,...).***

Извештајот дава објаснувања за раководењето на Фирмата, начинот на кој обезбедуваме услуги од областа на ревизијата со највисок квалитет, нашата експертиза и големината на нашата Фирма и Grant Thornton International. Извештајот ги опишува политиките и процедурите кои се применуваа во текот на 2013 година.

***Во 2014 година, ние ќе продолжиме со нашиот фокус врз квалитетот и градењето на нашата репутација на обезбедување единствени услуги за нашите клиенти. Сите вработени во Грант Торнтон се посветени кон обезбедување различност за нивните клиенти, корисници и заедницата во целина.***

Ружа Филипчева
Раководен Партнер

31 Март 2014

© 2014 Grant Thornton. All rights reserved.

# Правна структура и сопственост

Друштвото за ревизија Грант Торнтон ДОО, со седиште на ул М.Х. Јасмин 52в 1/7, 1000 Скопје е друштво со ограничена одговорност основано од две физички лица - овластени ревизори кои заедно поседуваат 75% и едно правно лице во приватна сопственост кое поседува 25% од Друштвото

Друштвото за ревизија Грант Торнтон ДОО, Скопје поседува дозвола за работа издадена од Министерството за Финансии на Република Македонија бр. 07-6568/1 од 17.04.2003.

Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија издаде Лиценца за работа за вршење на работи на ревизија на Друштвото за ревизија Грант Торнтон ДОО, Скопје, бр. 07-237/1 од 2 јули 2013.

Друштвото и овластените ревизори се членови на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија.

© 2014 Grant Thornton. All rights reserved.

# Grant Thornton International

Грант Торнтон ДОО, Скопје е фирма членка на Grant Thornton International Ltd (Grant Thornton International).

Grant Thornton International е приватна компанија со ограничена одговорност, основана во Англија и Велс и е една од меѓународните водечки организации на независно поседувани и управувани сметководствени и консултатски фирми. Повикувањето на "Grant Thornton" се однесува на брендот под кој фирмите членки на Grant Thornton работат и се однесува на една или повеќе фирми членки, зависно од контекстот.

Grant Thornton International и фирмите членки не претставуваат глобално партнерство. Тоа е организација која не обезбедува услуги за клиенти туку услугите се обезбедуваат глобално од страна на фирмите членки на Grant Thornton International. Секоја фирма членка претставува посебен правен субјект. Фирмите членки го носат името Grant Thornton, ексклузивно или пак како дел од нивното локално име. Овие фирми обезбедуваат ревизорски, даночни и консултатски услуги на приватни и јавни друштва. Со повеќе од 38,500 вработени во над 120 земји во светот се посветени на обезбедување високо квалитетни услуги на своите клиенти. Во своето работење Грант Торнтон ДОО Скопје настапува самостојно и во соработка со другите фирми членки на Grant Thornton International на заеднички проекти.

© 2014 Grant Thornton. All rights reserved.

# Управување и раководење со Друштвото

Управувачката структура на Друштвото е сочинета како што следи:

- Одборот на партнери, Партнер за управување со фирмата, Партнери за ревизија и Партнер за меѓународна пракса
- Комитети: Комитет за управување со ревизорски ризици, Комитет за стандарди и квалитет, Комитет за пазари и клиенти и Комитет за човечки ресурси и обуки
- Внатрешен Ревизор.

© 2014 Grant Thornton. All rights reserved.

# Контрола на квалитетот

Друштвото има изградено и применува внатрешен систем на контрола на квалитетот кој е во согласност со домашната законска регулатива. Системот на контролата на квалитетот на Друштвото вклучува: Документирани политики и процедури за контрола на квалитетот на работењето (Правилник за Етика и Контрола на Квалитет), стриктно дефинирани улоги и одговорности за имплементирање на политиките и процедурите и надзор врз креирањето и оперативната ефикасност на изградениот систем на контрола на квалитетот.

Друштвото врши надзор и евалуација на својот систем на контрола на квалитетот на тековна основа, што исто така вклучува и внатрешна контрола на селектирани завршени ангажмани. Партнерот за раководење со фирмата, Одборот на партнери и Комитет за стандарди и квалитет и интерниот ревизор вршат надзор врз функционирањето на Системот на контрола на квалитетот, развој на нови политики и процедури, како и соодветно санкционирање во случај на непридржување кон воспоставените политики и процедури.

## Процедури на контрола на квалитет во *Grant Thornton International*

Во склоп на нашите сопствени процедури на контрола на квалитет, како фирма членка на Grant Thornton International обврзани сме да се придржуваме на системот на контрола на квалитет, кој ги вклучува, како минимум, следниве стандарди публикувани од телата кои ги утврдуваат стандардите при Меѓународната Федерација на Сметководители (МФС), вклучувајќи:

- Меѓународниот Стандард за Контрола на Квалитетот 1 (МСКК 1): Контрола на Квалитет кај фирми кои извршуваат ревизии или проверки на историски финансиски информации, и други ангажмани на уверување и поврзани услуги;
- Меѓународниот Стандард за Ревизија 220: Контрола на Квалитет на ревизии на историски финансиски информации;
- ИЕСБА Кодот на Етика за Професионалните Сметководители.

© 2014 Grant Thornton. All rights reserved.

Системот на контрола на квалитет на секоја фирма членка на Grant Thornton International е креиран да обезбеди глобално и локално раководење со разумно уверување дека ангажманите на ревизија се спроведуваат во согласност со применливите професионални стандарди и глобалните политики и процедури.

Фирмите членки се должни да воспостават ефикасна внатрешна контролна програма која ги исполнува барањата на МСКК 1. Фирмите членки поседуваат примероци кои им помагаат во примената на проверката на внатрешната контрола на квалитет. Овие примероци вклучуваат насоки, работни програми, форми и примери на извештаи, кои во целост се во согласност со МСКК 1.

## Поддршка за извршување робустна ревизија

Grant Thornton гледа на квалитетот во ревизијата како на суштински елемент на нашиот бизнис. Во таа смисла Grant Thornton обезбедува ресурси кои им помагаат на фирмите членки да одржуваат квалитет во ревизијата, вклучувајќи:

- Ревизорска методологија, подржана од извонреден софтверски програм, кој е во глобална употреба;
- Политики и процедури содржани во Прирачник за ревизија, усогласен со меѓународните ревизорски стандарди и стандарди за контрола на квлаитетот, независноста и етичките принципи;
- Протоколи кои овозможуваат фирмите членки да се консултираат со глобалниот тим за ревизорски стандарди, и доколку е неопходно, и со специјалисти за ревизија во другите фирми членки;
- Модерен интранет сервис кој вклучува ажурирани информации за фирмите членки за ревизорските стандарди, финансиско известување, стандарди од областа на етиката и независноста, како и насоки за нивна ефикасна примена.

Grant Thornton секоја година инвестира значајни ресурси во развој на методологијата, технологијата, едукацијата, комуникациите и насоките за континуирано унапредување на квалитетот на ревизијата. Во 2013 година, Grant Thornton инвестираше значајни ресурси во едукација преку обезбедување глобален тренинг за фирмите членки. Овој тренинг опфати теми како што се мониторинг на квалитетот, групни ревизии, ревизија на приходите, аналитички процедури како и повеќе други клучни теми од квалитетот на ревизијата.

## *Grant Thornton International* Ревизорска Проверка

Секоја фирма членка е обврзана, најмалку еднаш во период од три години, да го подведе својот систем на контрола на квалитетот на проверка, позната како Grant Thornton Audit Review (GTAR). GTAR процесот е креиран со цел проверка на усогласеноста на фирмата членка со професионалните стандарди и глобалните политики и процедури во ревизијата. GTAR се спроведува од страна на независни и соодветно квалификувани партнери од други фирми членки под раководство на глобалниот лидер за квалитет на ревизијата.

© 2014 Grant Thornton. All rights reserved.

GTAR тимовите го проверуваат извршувањето на ревизорските ангажмани кај секоја фирма членка. Процесот на проверка вклучува оценка на политиките и процедурите на фирмите членки применети во нивната ревизорска пракса, споредувајќи ги со релевантните политики и процедури на глобалната организација. Тимовите ги проверуваат финансиските извештаи, работната документација и регистри. Проверката вклучува и интервјуа со партнерите и персоналот за различни прашања.

## Изјава за ефикасноста на функционирањето на внатрешниот систем за контрола на квалитет

***Раководството на Друштвото изјавува дека во текот на 2013 година ги имплементирало соодветно сите политики и процедури дефинирани за проверка на ефикасноста на внатрешниот систем за контрола на квалитетот. Заклучоците произлезени од извршените проверки на примената на политиките и процедурите на контрола на квалитетот на работењето, беа презентирани, согласно усвоените процедури, од страна на Комитетот за контрола на квалитет до Раководниот Партнер, Одборот на партнери и одговорните раководители на Grant Thornton International каде Друштвото е фирма членка.***

© 2014 Grant Thornton. All rights reserved.

# Надворешна проверка

Друштвото е член на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ или Институтот).

Институтот е надлежен за спроведување на контрола на квалитетот, чија крајна цел е да се подобри квалитетот на ревизорската работа на членовите на Институтот и со тоа зајакнување на општествениот статус на ревизорските активности и ревизорите, како и зголемување на општествената легитимност на ревизијата.

Основните принципи и постапки за проверка на контролата на квалитетот се утврдени со Правилникот за начинот и постапката на контрола на квалитетот на друштвата за ревизија и на овластен ревизор - трговец поединец.

Проверките на контрола на квалитетот ги опфаќаат ревизорските активности, како и оценка на ефикасноста на процедурите и воспоставените системи за уверување во квалитетот на ревизорските услуги.

Проверките на контролата на квалитетот се подредени на начин кој осигурува дека секој ревизор ќе биде проверен барем еднаш во период од 3 години.

Grant Thornton Inetrnationl очекува од своите фирми членки да одржуваат отворен и конструктивен однос со нивните национални регулаторни тела. Ова е во согласност со глобалната политика за прифаќање и подршка на надворешниот мониторинг, вклучително и подршката за избалансирано известување на јавноста во врска со надворешните инспекциски програми. Како една од најголемите меѓународни организации за професионални услуги, Grant Thornton има средби, најмалку еднаш годишно со Меѓународниот Форум на Независни Ревизорски Регулатори (IFIAR) и дава редовен придонес во јавната дебата по однос на одредени значајни економски теми.

***Согласно член 20 од Законот за ревизија, во текот на месец Декември 2012 година, овластени претставници на Институтот извршија сеопфатна проверка на контролата на квалитетот на нашата ревизорска фирма. Врз основа на извршената проверка, Институтот издаде Извештај за проверката на контролата на квалитет број 10-125/07 од 03 Јуни 2013 година.***

© 2014 Grant Thornton. All rights reserved.

# Независност

## Изјава за независно работење на Друштвото за ревизија

***Раководството на Друштвото изјавува дека Друштвото има усвоено, применува и врши надзор врз соодветните политики и процедури со кои се обезбедува независност, интегритет и објективност во извршувањето на ревизорските и останатите ангажмани на уверување во текот на 2013 година. Овие политики и процедури се во согласност со политиките и процедурите воспоставени со професионалните стандарди и законската регулатива во земјата.***

## Глобален систем на независност *(GIS)*

Дополнително кон нашите сопствени практики поврзани со независноста, Grant Thornton International бара од своите фирми членки да применат политики и процедури кои се креирани да ја заштитат независноста во ангажманите на ревизија и да идентификуваат случаи кои би можеле да предизвикаат конфликт на интереси. Глобалните политики и процедури за независност се засновуваат на Кодот на Етика на Меѓународниот Одбор за Етички Стандарди на Професионалните Сметководители со додатоци кои даваат насоки за усогласување со нашата глобална независност и процесот на меѓународна проверка на поврзаноста. Фирмите членки се исто така должни да се придржуваат кон нивните национални регулаторни барања во сите случаи кога истите се порестриктивни.

Клучна цел во одржувањето на независноста на фирмите членки и ревизорските тимови е избегнување на поседување било каков финансиски интерес кај ревизорските клиенти. За постигнивање на оваа цел, Grant Thornton ја употребува GIS алатката – автоматизиран систем за следење кој ги идентификува субјектите кои се берзантски котирани и во кои е забрането или ограничено поседување финансиски интерес. Информациите од овој систем се достапни за сите вработени во сите фирми членки.

Фирмите членки, партнерите, менаџерите, сопругите, и другите поврзани се должни да достават и ажурираат податоци за нивниот финансиски интерес во GIS. GIS врши проверка на усогласеноста на политиките за финансиски интерес со споредба на евидентираниот финансиски интерес во системот со ажурираната листа на субјекти каде е ставена забрана.

© 2014 Grant Thornton. All rights reserved.

Поединците и раководителите задолжени за спроведување на усогласеноста се информираат од страна на системот доколку се појави случај на евидентиран финансиски интерес кај субјект каде тоа е забрането.

GIS обезбедува механизам кој им помага на поединците во одредувањето, засновано на факти и околности, дали е соодветно да се поседува финансиски интерес. Доколку тоа е несоодветно, задолжително е отстранување на финансискиот интерес.

Мониторингот врз усогласеноста со GIS се врши на обете нивоа, кај фирмите членки и на глобално ниво.

## Проверка на поврзаноста

Политиките на Grant Thornton ги обврзуваат фирмите членки и професионалниот кадар од сите услужни области да ја одржуваат нивната објективност при обезбедувањето услуги на клиентите. Заради избегнување на евентуален конфликт на интереси и потенцијални закани по независноста при обезбедувањето на не-ревизорски услуги на клиентите од ревизија или нивните придружни субјекти, од суштинско значење е идентификувањето на евентуалната поврзаност со постојните клиенти пред прифаќањето на ангажманите.

Политиките и процедурите на ниво на фирмите членки како и на глобално ниво вклучуваат процеси креирани со цел да се идентификува евентуалната поврзаност. Овие процеси бараат, пред прифаќањето на ангажманите, соодветна консултација во случај кога е идентификувана поврзаност.

## Процедури на прифаќање на клиенти

Постигнување на професионален квалитет значи, помеѓу другото, прифаќање и задржување клиенти кои ги споделуваат со Grant Thornton целите за квалитет и интегритет. Глобалните политики за прифаќање и задржување клиенти на Grant Thornton се интегрирани во политиките на фирмите членки. Процесите за прифаќање и задржување клиенти им обезбедуваат на фирмите членки информации потребни за проценка на тоа дали субјектот ги исполнува или пак надминува неопходните стандарди за интегритет како и тоа дали фирмата членка поседува соодветен капацитет за извршување ревизија со висок квалитет.

Grant Thornton има воспоставено критериуми за клучни ревизорски ангажмани (KAA) кои фирмите членки ги користат при проценка на потенцијалните ангажмани. Фирмите членки ги пријавуваат за проверка потенцијалните ангажмани кои ги исполнуваат овие KAA критериуми кај меѓународниот комитет за проверка.

Комитетот за проверка на прифаќањето на ревизорските ангажмани ги проверува поднесените KAA пријави со цел да се направи проценка на способноста дека фирмата членка ќе биде во состојба да обезбеди ревизија со висок квалитет.

© 2014 Grant Thornton.  All rights reserved.

# Континуирана професионална едукација

Техничките способности и искуство на нашиот кадар претставуваат најголем ресурс кои им го нудиме на нашите клиенти. За да обезбеди целосен развој на тие способности и најдобри гаранции за демонстрирање на тие искуства, Фирмата бара од своите вработени да поседуваат соодветно ниво на професионални лиценци од нивната област.

Генералната политика на Фирмата во областа на едукацијата е да им обезбеди обуки на своите кадри релевантни на нивните активности, навремено, ефективно и на начин кој ги оптимизира придобивките со времето и потрошените средства.

Потребите за обука се утврдуваат од Раководниот Одбор на Фирмата врз основа на препораките на Комитетот за човечки ресурси и обуки.

Планот за обуки се утврдува на годишно ниво. Постојат посебни едукативни програми за секоја категорија на професионалци. Вработените навреме се информираат за клучните семинари кои се бара да ги посетат. Семинарите се раководат од инструктори кои се вработени во Фирмата или надворешни професионалци за посебни прашања. Секој семинар е одговорност на членовите на Комитетот за човечки ресурси и обуки. Овој Комитет е одговорен за надзор врз спроведувањето на сите семинари и истиот го известува Раководниот Одбор за евентуалните одлагања, пропусти или проблеми.

Раководниот Одбор на Фирмата организира во текот на месец Октомври 2013 година Семинар за Развој на Ревизорските познавања и техники, фокусиран на техниките за развој на бизнисот, Ревизијата, Уверувањето, МСФИ и слично.

Освен тоа, и во согласност со релевантната законска регулатива, во текот на 2013 година, овластените ревизори во Фирмата посетуваа соодветни обуки од најмалку 40 часа организирани од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија.

Независно од фактот што најголемиот дел од техничките обуки се остваруваат во рамките на самите фирми членки, Grant Thornton International значајно инвестира во тековните обуки и програми наменети за ревизорскиот персонал во сите фирми членки кои се однесуваат на методологијата на ревизијата, соодветната технологија и МСФИ.

© 2014 Grant Thornton. All rights reserved.

Програмите вклучуваат такви теми како што се надзор врз квалитетот, групните ревизии, аналитичките процедури, МСФИ технички и инерпретативни / толкувачки насоки и останати клучни теми од областа на квалитетот на ревизијата. Дополнителни насоки се обезбедуваат и преку билтени од областа на ревизијата и сметководството.

## Изјава за политиката што ја следи Друштвото

***Раководството на Друштото изјавува дека во текот на 2013 година Друштвото ги имплементира сите релевантни политики и процедури дизајнирани да обезбедат дека ревизорите продолжиле да ја одржуваат својата компетентност преку континуирано надградување на нивните теоретски знаења, професионални вештини и вредности согласно професионалните стандарди и законската регулатива.***

© 2014 Grant Thornton. All rights reserved.

# Финансиски информации

Согласно член 35, точка 1(з) од Законот за ревизија (Службен Весник на РМ бр.158 0д 09 декември 2010, ….) друштвото за ревизија е должно да објави финансиска информација за вкупниот приход од ревизијата и други надоместоци, расчленет на четири категории:

- Услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки;
- Дополнителни услуги на уверување во квалитет;
- Даночни советодавни услуги; и
- Други неревизорски услуги.

Табелата во продолжение ги презентира соодветно бараните информации за остварениот приход на Друштвото за годината која заврши на 31 Декември 2013.

| **Категорија** | **Износ (во МКД)** |
|---|---|
| 1. Услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки | 28,588,249 |
| 2. Дополнителни услуги на уверување во квалитет | - |
| 3. Даночни советодавни услуги | - |
| 4. Останати приходи | 1,250,892 |
| **Остварен вкупен приход во 2013 година** | **29,839,141** |

© 2014 Grant Thornton. All rights reserved.

# Субјекти кај кои е извршена ревизија во текот на 2013 година

Адинг, Албсиг Македонија, Агромеханика, Бадел 1862, Бусе Мак, ВБИ БУС Македонија, Виталија, Витаминка, ГА-МА, ДМТХ, ДОТ Архитекти, Државен Завод за Статистика на РМ, ДУНА Компјутери, Асоцијација ЕБА, Електрани на Македонија, Еуролизинг, Еуролинк Осигурување, Еуростандард Банка, Жито Лукс, ЗАМП Македонија, Инженеринг ДАСС, Инсиг Македонија, Ипсос Стратеџик Пулс, ЈП за железничка инфраструктура Македонски Железници, ЈП Македонијапат, ЈП Паркови и зеленило, Југохром Фероалојс, КБ Публикум Инвест, Клириншка Куќа КИБС, Конти Хидропласт, Логин Системи, Ма Труст, Макаутостар, Македонија Турист, Македонска Банка за Подршка на Развојот, Македонска берза на хартии од вредност, Македонска Развојна Фондација на Претпријатија, Македонско кредитно биро, Макомаркет, Макпетрол, , Марри Регионален Центар Скопје, Мастер Лизинг, Мепсо, Мермерен Комбинат, МЖ Транспорт, Микеи Интернационал, Млекара Здравје Радово, М-НАВ, Макпетрол Пром – Гас, Народна Банка на РМ, Национален Парк Маврово, Национална Агенција за Европски Образовни Програми, Оилко КДА, Полиестердеј, Попова Кула, Порше Лизинг, Порше Македонија, Поштенска Банка, Програма за зачувување на природата во Македонија, ПЦЦ Нев Хидро, ПЦЦ Хидро, Радика Ресорт, СИИВА Групација, Синерга, Скопски Пазар, Спортски центар Борис Трајковски, Сурвалент Технолоџи, СОЛ СЕЕ, ТД Нелт СТ, ТЕ - ТО, Технички Гасови, Тинекс - МТ, Тојота Автоцентар, ТТК Банка, Универзална Инвестициона Банка, Унија Финансиска Скопје, ФЗЦ 11 Октомври, Фонд за осигурување депозити, Хидро Енерџи Груп, Хоризонти, Центар за развој на Пелагонискиот регион - Проект, ЦИР- а, Проект - Центар за подршка на граѓанско општество , ОСЦЕ Мисија Скопје, УНДП - Проект, АВРМ - Поддршка за вработување на млади лица, Агенција за енергетика на РМ, Агенција за Катастар на недвижности, Амбасада на Швајцарија - Канцеларија за соработка, Главна Канцеларија / Секретаријат на СЊГ, МЗШВ - Проект за зајакнување на земјоделството, Мининстерство за економија - ГЕФ Проект, Министерство за животна средина и просторно планирање,УНДП Проект, Министерство за здравство - Проект, Министерство за финансиси –МСИП Проект, УСАИД-Проект за меѓуетничка интеграција во образованието.

© 2014 Grant Thornton.  All rights reserved.

# Утврдување на хонорарот на овластениот ревизор

Друштвото го утврдува хонорарот согласно обемот и комплексноста на работа.

Надоместот се пресметува врз основа на проценетото потребно време за секој член на тимот ангажиран во извршувањето на ревизорскиот ангажман. Надоместот за поделните членови зависи од степенот на одговорност, потребното искуство и способности.

© 2014 Grant Thornton. All rights reserved.

# Нашите канцеларии

**Грант Торнтон ДОО**

Бул. М.Х. Јасмин 52 в – 1/7
1000 Скопје
Република Македонија

Т +389 2 3214 700
Ф +389 2 3214 710
www.grant-thornton.com.mk

© 2014 Grant Thornton. All rights reserved.

Grant Thornton
An instinct for growth™

© 2014 Grant Thornton. All rights reserved.
References to Grant Thornton are to Grant Thornton International Ltd (Grant Thornton International) or its member firms. Grant Thornton International and the member firms are not a worldwide partnership. Services are delivered independently by the member firms